# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА
# АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ
# ЗА ПОДГОТОВКА НА

# „ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА“

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА”

Март 2026, Прилеп

**Коалицијата на младински организации СЕГА, за потребите од спроведување на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА**
**АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТСКИ УСЛУГИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕЦА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА**

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци, го спроведува проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во периодот септември 2023 – август 2026 година.

Целта на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Оваа цел ќе се постигне преку (1) подобрена имплементација на законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата, (2) зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство и (3) примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички. Проектот се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука.

## 2. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За остварување на поставените цели, проектот преку ангажирање на експерти / консултантска компанија ќе спроведе процес на подготовка на Водич за ученичко учество и заштита на децата во средните училишта. Водичот ќе биде наменет за сите чинители во средните училишта, во насока на практична поддршка на ученичко учество во процесите на донесување одлуки во училишниот живот. Овој повик за услуги ги вклучува следните задачи:

- **Задача 1:** Подготовка на Водич за ученичко учество и заштита на децата во средните училишта (2 експерти)
- **Задача 2:** Родова сензитизација на Водич за ученичко учество и заштита на децата во средните училишта (1 експерт)

## 3. ОПИС НА СОДРЖИНА НА ВОДИЧОТ

- Водичот треба да обезбеди насоки и чекори за воспоставување и функционирање на Ученички Совети и Ученички Правобранители во средните училишта, согласно Законот за средно образование.
- Водичот треба да вклучи насоки за менторство и поддршка на Ученичките Совети и Ученичките Правобранители од страна на наставниот кадар, вклучувајќи предлог активности и модули за едукативни сесии.
- Модулите за едукативни сесии треба да вклучат нивоа на ефективна комуникација и одржливо функционирање, примена на дигитални алатки, истражувачки алатки, креирање на мини-проекти, прибирање средства, отчетност и транспарентност, вон-училишни активности (поддршка на заедницата), застапување и други.
- Водичот треба да промовира еднакви можности помеѓу момчињата и девојчињата, ненасилна комуникација и недискриминација
- Водичот исто така, треба да вклучи позитивни примери и практики од успешни ученички организации (локални и меѓународни), како и справување со предизвици.
- Во текот на подготовката експертите треба да спроведат фокус група со членови на средношколски организации за да ги проверат и дискутираат подготвените чекори со цел проценка / валидација на чекорите.
- Водичот треба да го земе предвид функционирањето на горенаведените модели во контекст на мултикултурни средини, односно средни училишта каде што наставата се изведува на повеќе јазици.
- Водичот треба да биде усогласен со законската регулатива, подзаконските акти и релевантни стратешки документи поврзани со образованието и учеството на децата и младите.

## 4. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

### ЗАДАЧА 1: ПОДГОТОВКА НА ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**Период на испорака:** 20 работни денови вкупно (10 денови по експерт) во периодот 18 март – 17 април 2026 година

**Обем на прирачник:** Содржината на финалната верзија на прирачникот би требало да биде помеѓу 40 – 50 страници (во консултација со проектниот тим).

**Конкретни задачи за експерти според опис на содржина**

- Експерт бр. 1: Развивање на чекори и насоки за избор на претседател на клас во училиштата, воспоставување на училишен совет како и функционирање на ученички правобранител.
- Експерт бр. 2: Развивање на модули за едукација и активности на ученичкиот совет, како и студии на случај како ресурси за учениците и наставниот кадар

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА (ЗАДАЧА 1)**
**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области (експертите со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност).
- Најмалку 3 години искуство во работа на проекти и програми во образованието и/или правата на детето.
- Искуство во полето на ученичко и младинско учество, детски права и заштита на децата.
- Искуство во изработка и подготовка на прирачници, водичи, тренинг програми и слично.
- Претходно учество во процеси на подготовка на стратешки или законски документи поврзани со детските права ќе се смета за предност.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ (ЗАДАЧА 1)**
За оваа задача проектот ќе избере 2 експерти. Секој од ангажираните експерти ќе биде ангажиран за период од 10 работни дена, а работните задачи треба да се спроведат во периодот 18 март – 17 април 2026, во меѓусебна координација со проектниот тим и избраниот експерт за задача 2. За секој работен ден за ангажираниот експерт за подготовка на Водичот, предвиден е надоместок од **6.700,00 МКД во бруто износ** (или вкупно по **67.000,00 МКД** по експерт) кои ќе бидат исплатени по комплетирање на задачите (по изработка и одобрување на финалниот производ).

**ЗАДАЧА 2: ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ВО ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА**

**Период на испорака:** 6 работни денови во периодот 01 - 30 април 2026 година

**Опис на содржина: Конкретни задачи за експерти според опис на содржина**

- Креирана содржина за важноста на родовата еднаквост во донесувањето одлуки во училишниот живот
- Нацрт водичот подготвен од ангажираните експерти од Задача 1 треба да биде родово сензитивен
- Да се обезбедат насоки за еднаква вклученост на момчињата и девојчињата
- Усогласување на содржината со законската регулатива, подзаконските акти и релевантни стратешки документи поврзани со еднаквите можности на момчињата и девојчињата

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА (ЗАДАЧА 2)**
**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Завршени додипломски студии во полето на оштествени науки или сродни области (експертите со завршени постдипломски и/или докторски студии ќе имаат предност)
- Најмалку 5 години искуство во работа на проекти и програми кои се однесуваат на родовата еднаквост во образованието
- Искуство во изработка и подготовка на прирачници, водичи, тренинг програми и слично
- Претходно учество во процеси на подготовка на стратешки или законски документи поврзани со родова еднаквост ќе се смета за предност

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ (ЗАДАЧА 2)**
За оваа задача проектот ќе избере 1 експерт, кој ќе биде ангажиран за период од 6 работни дена, во периодот 01 – 30 април 2026, во меѓусебна координација со проектниот тим и избраните експерти за задача 1. За секој работен ден за ангажираниот експерт за подготовка на Водичот, предвиден е надоместок од **6.700,00 МКД во бруто износ** (или вкупно по **40.200,00 МКД**) кои ќе бидат исплатени после комплетирање на задачите (по изработка и одобрување на финалниот производ).

## 5. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен. Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

Физичко лице:

- Професионална биографија (CV)
- Мотивациско писмо
- Најмалку 2 референци од подготвени публикации (со публикации како прилози или линкови до публикациите)

*Напомена: Може да аплицираат и тимови, при што ќе се оценува целокупната апликација.*

Правно лице:

- Портфолио на компанијата / организацијата
- Професионална биографија (CV) на предложениот кандидат / кандидати
- Мотивациско писмо
- Најмалку 2 референци од подготвени публикации (со публикации како прилози или линкови до публикациите)

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за експертски услуги за Водич за ученичко учество и заштита на децата во средните училишта, со назнака за која задача се однесува апликацијата.

Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоцци

**Краен рок за доставување на апликациите е 13 март 2025 година.**
Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид. Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на евалуација на апликациите.

За подетални информации поврзани со повикот може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 10.03.2026 година.